Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09.12.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6125 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

# ИЗВЕШТАЈ
## од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 13 ноември 2014 година

***<u>Предмет на надзорот:</u>***

- **Член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (во рекламите и телешопингот не смеат да бидат прикажувани, визуелно или тонски, лицата кои редовно презентираат вести и актуелно-информативни емисии).

*На 29.09.2014 година, за непочитување на член 101 од Законот, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 6 септември 2014 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***<u>Констатации:</u>***

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван на 13 ноември 2014 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), <u>во целост постапил по решението</u>, односно ја отстранил извршената повреда на член 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*09.12.2014 година*